# ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.144 од 30.09.2014 година**

**Член 1**

Во Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" број 23/13, 12/14 и 44/14) по членот 174 се додава нов член 174-а, кој гласи:

**„ Член 174-а**

(1) Во јавна установа за деца вршењето на дејноста згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст не се изведува за време на државни празници и други празници утврдени со закон.
(2) По исклучок од ставот (1) на овој член згрижувањето и воспитанието на деца од предучилишна возраст може да се организира и во неработен ден.
(3) Во јавна установа за деца вршењето на дејноста згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст не смее да се прекинува освен за вонредни состојби (природни непогоди, епидемии и друго), за што решава основачот, а по претходна согласност со Министерството.
(4) Во случај на прекин на работата и неможност за континуирано извршување на дејноста згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст заради штрајк, директорот на јавната установа за деца, по претходна согласност од градоначалникот на општината и општината во градот Скопје, е должен да го обезбеди остварувањето на дејноста со замена на вработените кои штрајкуваат, за време додека трае штрајкот.
(5) Потребата од работници од ставот (4) на овој член ќе се обезбедува преку посредување на службата надлежна за посредување при вработување од евиденцијата на невработени лица од Агенцијата за вработување."

**Член 2**

Во членот 228 по ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:
„(5) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на директорот на јавната установа за деца ако не постапи согласно членот 174-а ставови (4) и (5)."

**Член 3**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за заштита на децата.

**Член 4**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".